# БИСЕРИТЕ НА ЕВРОПА

18 дена

## Венеција-Фиренца-Рим-Монако-Ница-Кан-Барцелона-Париз-Минхен-Виена

**1 ден Скопје-Венеција:** Дружењето започнува на закажан состанок во 09,15 на пракингот спроти Холидеј Ин. Во 10.00 поаѓање се вози преку граничен премин Табановце. Србија, Хрватска, Словенија, Ноќно возење со попатни паузи.

**2 ден Венеција**: Пристигнување во Пунта Сабиони *1. Со приватен вапорето брод се префрламе до Венеција, разглед на Венеција: Мостот на воздишки, Дуждевата палата, базиликата и плоштадот свети Марко, Каналите, мостот Риалто. Слободно време за индивидуални прошетки и разгледи. Враќање во Пунта Сабиони. Сместување во хотел во Лидо ди Јесоло. **Ноќевање.**

**3 ден Венеција-Пиза-Фиренца:** Појадок, Поаѓање за Пиза, по пристигнувањето во Пиза разглед на градот: Познатата Крива Кула, Катедралата со крстилниицата, стариот град, по кратка пауза поаѓање за Фиренца – центарот на ренесансата, разглед на прекрасниот град: Катедралата камбанарјата на Ѓото, крстилницата, Понте Векио, плоштадот Република, Галеријата Уфицио, плоштадот Сињори... Слободно време за уживање во преубавиот град. Околу полноќ поаѓање за Рим, ноќно возење со попатни паузи.

**4 ден Рим:** Пристигнување во итринските часови, предпладне разгледување на Рим со локален водич: Колосеумот, Римскиот форум, централниот плоштад на римската империја, Црквата св. Петар во Окови каде се наоѓа првото дело, најимпозантната статуа на Микеланџело Мојсеј. Сместување во хотел. Одмор. Вечерна прошетка низ Рим разглед на Пиаца Дела Република, Посета на Пиаца Венеција и Споменикот на Виторио Емануеле Венето. Разгледот продолжува на Виа Дел Корсо, Шпанските скали, Фонтана Ди Треви.. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**5 ден Рим:** Појадок. Факултативна посета на Ватикан ***16** а потоа прошетка до замокот на св. Ангел и мостот на ангелите, плоштадот Навона со своите три оригинални фонтани (најпозната е фонтаната на четирите реки), парламентот, Пантеонот (храмот на боговите каде е гробот на Виторио Емануеле и кралот Умберто втори), базиликите, споменикот на основачот на Италија, св Клементе каде се наоѓа гробот на нашиот просветител св. Кирил ***17**., Слободно време. **Ноќевање.**

**6 ден Рим – Кан:** Појадок. Одјавување од хотел. Факултативна екскурзија за посета на градините Тиволи, посета на Вила ди Есте со 500 прекрасни магични фонтани. ***20.** Враќање во Рим, посета на Терми ди Каракала, Цирко максимо (големиот круг) и устата на вистината (ла бока вердат) каде се утврдувала верноста на римските жени. Вечерта поаѓање за Кан, ноќно возење со попатни паузи.

**Напомена:** Разгледите на Рим се организираат со јавен превоз ***18**, сообраќајот на Туристичките автобуси во Рим е строго лимитиран и скап.

**7 ден Кан – Ница:** Пристигнување во Кан во утринските часови, Прошетка низ гламурот, ќе се прошетаме по Авенијата на Палмите - Кроасета, Филмската фестивалска палата, ќе ги разгледуваме отпечатоците од дланките на познатите глумци, ќе ја разгледаме прочуената марина, ексклузивните хотели, плажата. Околу пладне одиме за Ница по пристигнувањето, сместување во хотел, време за шопинг во Ница по улицата Jean Medicine. Вечерта прошетка низ стариот дел на Ница, Променадата на англичаните, хотелот Негреско –симбол на градот... **Ноќевање.**

**8 ден Ница – Монако:** Појадок, Слободно предпладне. Околу пладне поаѓаме за посета на Монако ***15.** Излетот започнува со посета на Фабриката за Парфеми Фрагонард во Ез, кратка тура низ фабриката. Разгледот на Монако започнува со "the Rock" каде се наоѓа Принцовата палата, Катедралата св. Николас каде се гробовите на Грејс Кели и Принцот Рение, Егзотичната градина и посета на Океанографскиот музеј. Преку Ф1 пистата се префрламе во Супер монденскиот дел МОНТЕ КАРЛО, Казино Ројал, Хотел де Парис, Касино де Парис, Ферари, Ламбургини, лимузини ..... Околу полноќ заминуваме за Шпанија. Ноќно возење.

**9 ден Љорет де Мар**: Пристигнување во предпладневните часови. Сместување во хотел. Слободен ден за релаксирање на плажа. Вечера. Факултативна посета на Фламенко ***10 –** посетуваме Хациенда направена во традиционален стил каде со неограничена Сангрија уживаме во прекрасна програма. Враќање во Љорет, автобусот ве ‘‘истовара‘‘ пред Дискотека ***11** ..... **Ноќевање.**

**10 ден Љорет де Мар – Барцелона**: Појадок, Разглед на Барцелона со локален водич: спектакуларната недовршена црква на архитектонскиот гениј Гауди Саграда Фамилиа, Центарот на Барца, Олимпискиот стадион, Шпанското село ***12**, Стадионот на Ф.К. Барцелона Ноу Камп ***13**, споменикот на Колумбо, улицата Рамблас, разгледот завршува на централниот плоштад

Плаца Каталуња. Прошетка до Бари Готико и катедралната црква. Слободно време. Попладне враќање во хотел. Вечера па Диско. **Ноќевање.**

**<u>11 ден Љорет де Мар</u>.** Појадок. Факултативна посета на Фигуерас со музејот на Салвадор Дали ***14** и Емпуриа Брава таканаречена шпанска венеција. Вечера па Диско. **Ноќевање.**

**<u>12 ден Љорет де Мар – Париз</u>**: Појадок. Одјавување од хотел. Слободен ден за уживање на плажа или можност за уште една посета на Барцелона, за да ги посетите паркот Гуел, музејот на Пикасо, Бари Готико... или едноставно шопниг низ Барцелона ***12,** Вечерта поаѓање за Париз. Ноќно возење со попатни паузи.

**<u>13 ден Париз:</u>** Пристигнување во Париз во утринските часови. Посета на Ајфеловата кула ***4** и крстарење по Сена ***5**, попладне факултативна посета на Музејот Лувр ***6**. Враќање во хотел, сместување, слободно време за одмор. Вечерта со метро ***7** го посетуваме уметничкиот кварт Монтмартр, со преубавата црква Сакр кер и прекрасен панорамски поглед на Париз. Прошетка низ тесните улички исполнети со сликари и ументнички галерии. По кратка пауза продолжуваме за разглед на Пигал, познатото кабаре Мулен руж, враќање во хотел. **Ноќевање.**

**<u>14 ден Париз</u>**: Појадок, Панорамско разгледување на градот со автобус и локален водич, па факултативна екскурзија за посета на Кралската палата во Версај ***8**, Разгледот завршува со посета на футуристичкиот кварт Дефанс. Вечерта прошетка по монденската Шанзе елизе улица (со метро). **Ноќевање.**

**<u>15 ден Париз-Дизниленд</u>** Појадок, Одјавување од хотел, организирана посета на Дизниленд ***9**. Целодневна забава во паркот. Поаѓање за Минхен. Ноќно возење со попатни паузи.

**<u>16 ден Минхен – Виена:</u>** Пристигнување во Минхен во предпладневните часови. Прошетка низ стариот град слободно време за добар шопинг, А нашите водичи ќе ве однесат во Hofbrauhaus најстарата пивница. Патот продолжува за Виена. Пристигнување во вечерните часови. Сместување во хотел**. Ноќевање**.

**<u>17 ден Виена – Скопје:</u>** Појадок, Разгледување на Виена: Операта, Ратхаус, Парламентот, Хундретвасер, пешачкиот дел на Виена со Стефан плац, Штефл, Хофбург .... Слободно време. Попладне поаѓање за Скопје, се патува покрај, Братислава, Будимпешта, Белград... ноќно возење со попатни паузи.

**<u>18 ден Скопје</u>** Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

---

**<u>НОЌЕВАЊА: ЛИДО ДИ ЈЕСОЛО 1НП, РИМ – околина до 50км 2НП, НИЦА 1НП, ЉОРЕТ ДЕ МАР 3ПП, ПАРИЗ 2НП, ВИЕНА околина 1 НП</u>**

---

**<u>Потребни документи за француска виза</u>**

*пасош (важ. мин.4месеци по завршување на визата)
*копија од пасош на 1-ви две страни
*копија од здр. книшка на 1-ви четири страни
***2 слики со големина за пасош (понови со бела позадина и анфас, не одблиску сликано. Позадина во друга боја нема да биде прифатена)**
*копија од травел чекови (400 еур по особа),
или копија од кредитна картичка и извештај со колку средства се располага на картичката

***<u>За студенти:</u>***

*потврда од факултет
*копија на 1-ви две страни од индексот и на
страните каде е заверен последниот семестар
или упишана година(ориг. индекс на увид)
*потврда за вработување на родителите
За родители вработени во приватни фирми М1/М2

***<u>За вработени:</u>***

*потврда од работа
(треба да содржи: од која дата, месечен приход)
*копија од м1/м2 образец (ориг. на увид)

---